**20140551724**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 18 став (5) од Законот за консолидација на земјоделско земјиште (“Службен весник на Република Македонија” бр.187/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

### МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРОЦЕНА НА ВРЕДНОСТА НА ЗЕМЈИШНИТЕ ПАРЦЕЛИ ОД КОНСОЛИДАЦИОНАТА МАСА

Член 1

Со оваа методологија се пропишува начинот на процена на вредноста на земјишните парцели од консолидационата маса врз основа на критериумите од член 18 став (2) од Законот за консолидација на земјоделско земјиште.

Член 2

Процената на вредноста на земјишните парцели од консолидационата маса се изразува во вредносни единици добиени врз единствена основа на валоризација на критериуми од член 18 став (2) од Законот за консолидација на земјоделско земјиште.

Член 3

Валоризацијата од член 2 на овој правилник се врши преку доделување на вредносни единици за секој од критериумите од член 18 став (2) од Законот за консолидација на земјоделско земјиште кои се добиваат на следниот начин:

| критериуми | | карактеристики на земјишните парцели | вредносни единици |
|---|---|---|---|
| 1. | катастарска класа | 7 и 8 класа | 10 |
| | | 5 и 6 класа | 20 |
| | | 3 и 4 класа | 35 |
| | | 1 и 2 класа | 55 |
| 2. | почвен педолошки тип | низок | 5 |
| | | просечен | 10 |
| | | добар | 15 |
| | | одличен | 20 |
| 3. | Големина и форма на парцела | неправилна и < 2000 $м^2$ | -1 |
| | | неправилни агли и< 2000 $м^2$ | 0 |
| | | правилни агли и 2000 $м^2$ | 1 |
| | | неправилна и 2000 <x< 5000 $м^2$ | 0 |
| | | неправилни агли и 2000 <x< 5000 $м^2$ | 1 |
| | | правилни агли и 2000 <x< 5000 $м^2$ | 2 |
| | | неправилна и >5000 $м^2$ | 1 |
| | | неправилни агли и>5000 $м^{22}$ | 2 |
| | | правилни агли и >5000 $м^2$ | 3 |
| 4. | пристапност до патна инфраструктура | директен | 2 |
| | | преку 1 или повеќе парцели | 0 |
| | | нема пристап | -1 |
| 5. | расположливост на вода за наводнување | недоволна | -2 |
| | | нередовна | 0 |
| | | доволна | 5 |
| 6. | нагиб на земјиштето | рамно | 0 |
| | | стрмно | -2 |
| 7. | додадена вредност на земјиштето во случај на постоење на инвестиции или повеќегодишни насади на земјиштето | мала | 5 |
| | | средна | 8 |
| | | голема | 13 |
| 8. | степен/состојба на обработеност | лошо | 0 |
| | | средно | 1 |
| | | добро | 2 |

Добиените вредносни единици за поединечно земјоделско земјиште збирно од сите критериуми се множи со површината на земјишните парцели со што се добива вкупен број на вредносни единици поединечно за секоја земјишна парцела во консолидационото подрачје.

Член 4

Оваа методологија влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.31-2943/1
18 март 2014 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.